ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 11 - 8177 / 1
Датум: 15.11.2019
Скопје

ДО
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Извештај за искористување на доделените
средства како финансиска поддршка за исплата на
доспеани, а неплатени обврски по доверители

Извештајот за искористување на доделените средства како финансиска поддршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители е изготвен согласно член 11, став 3 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен весник на Република Македонија“ бр.209/18).

Согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен весник на Република Македонија“бр.2019/18), Општина Карпош има пријавено доспеани, а неплатени обврски во Електронскиот систем на пријавување и евидентирање на обврските заклучно со месец септември 2018 година, вкупниот износ од 486.927.773,00 денари од кои 51% или 248.333.164,00 денари се преведени на посебна жиро сметка на Општина Карпош. Средствата се префрлени на посебна наменска сметка на Општина Карпош 779014115778978 на ден 30.11.2018 година.

Општина Карпош согласно член 8 став 1 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен весник на Република Македонија"бр.2019/18), објави Јавен повик со архивски број 11-9627/1 од 03.12.2018 година до доверителите на Општина Карпош и доверителите на единките корисници основани од Општина Карпош, за пријавување на доспеани а неплатени побарувања.

На јавниот повик се јавија вкупно 94 доверители, од кои 88 доверители поднесоа во рок комплетна и исправна документација според јавниот повик, а 6 доверители некомплетна документација и не ги исполнија условите согласно јавниот повик за што писмено беа известени.

Од одобрениот износ во висина од 248.333.164.00 денари, 237.416.043.00 денари се финансиски средства за Општина Карпош а останатите 10.917.121.00 денари се финансиски средства за единките корисници. Согласно член 11 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен весник на Република Македонија"бр.209/18), средствата се дадени на користење на Општина Карпош со посебна изјава-договор, од секоја единка корисник. Советот на Општина Карпош за овие финансиски средства, донесе Одлука за одобрување на средства на користење за финансирање на доспеани а неплатени обврски на општината, доделени на единките корисници на Општина Карпош со архивски број 09-6709/42 од 25.09.2019 година.

Согласно член 8, став 2 и 3 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а неплатени обврски, се пристапи кон преговори со доверителите за спогодбено утврдување на износот на обврски, по што се изготвија Записници со секој доверител поединечно во кои се утврдија износите на доспеани а неплатени обврски, намалување на обврски и главници по

основ на дадени дисконти и откажување од камати и други останати трошоци.

Согласно член 8 , став 4 од Законот, по завршувањето на процесот на преговори и направените записници, Градоначалникот на Општина Карпош изготви Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и Збирен извештај за вкупниот договорен износ по доверители за исплата на доспеани, а неплатени обврски од средства обезбедени како финансиска поддршка од Буџетот на РМ и истиот го достави до Советот на Општина Карпош на усвојување.

Советот на Општина Карпош на 28.02.2019 година донесе Одлука бр.09-1713/5 за усвојување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани а неплатени обврски на Општина Карпош и единки корисници. Оваа Одлука донесена од страна на Советот на Општина Карпош согласно член 10 став 2 од Законот е објавена на веб страната на општината.

Согласно донесените Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Карпош за 2019 година (бр. 09-1713/6 од 28.02.2019 година), Општина Карпош од програма А3 – Подмирување на доспеани а неплатени обврски започнувајќи од 07.03.2019 година заклучно со 19.03.2019 година, изврши исплата на средствата на добавувачи во износ од 248.333.164,00 денари.

Извештајот за искорисување на доделените средства како финансиска поддршка за исплата на доспеани а неплатени обврски по доверители согласно член 11, став 4 е објавен на веб страната на општината.

Овие финансиски средства добиени согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа во финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен весник на Република Македонија“бр.209/19), во Општина Карпош одиграа значајна улога за наредниот период да може да се подмируваат обврските, а и да се креираат нови политики за развој на општината.

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Прилог:

- Јавен повик бр. 11-9629/1 од 03.12.2018 година,
- Одлука за одобрување на средства на користење за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општината доделени на единките корисници на Општина Карпош бр.09-6709/42 од 25.09.2019 година,
- Извештај за вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани а неплатени обврски бр.09-1713/5 од 28.02.2019 година,
- Одлука за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани а неплатени обврски на Општина Карпош бр.09-1713/5 од 28.02.2019 година,
- Извод бр. 1 од 30.11.2018 – сметка Општина Карпош – финансиска поддршка на ЕЛС
- Извод бр. 1 од 07.03.2019 – сметка Општина Карпош – финансиска поддршка на ЕЛС
- Извод бр. 2 од 11.03.2018 – сметка Општина Карпош – финансиска поддршка на ЕЛС
- Извод бр. 40 од 07.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина
- Извод бр. 41 од 08.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина
- Извод бр. 42 од 11.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина
- Извод бр. 43 од 12.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина
- Извод бр. 44 од 13.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина
- Извод бр. 45 од 14.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина
- Извод бр. 47 од 19.03.2019 – сметка Општина Карпош – орган на општина

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

- Извод бр.48 од 11.03.2019 – сметка Општина Карпош – буџет на општина
- Извод бр.195 од 15.10.2019 – сметка Општина Карпош – буџет на општина

Овој Извештај е објавен на веб страната на Општина Карпош www.karpos.gov.mk

Со почит,

Изработил,
Сектор за финансиски прашања
Раководител
Мирјана Ѓорѓиевска

Градоначалник
на Општина Карпош
Стефан Богоев